**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## „СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“




**Штип, 2016**

**Издавач:**

Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика

**Уредници:**

Проф. д-р Никола В. Димитров

Доц. д-р Дејан Методијески

**Организациски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Доц. д-р Дејан Методијески
Асистент докторанд м-р Душица Санева
Асистент докторанд м-р Оливер Филипоски
Асистент докторанд м-р Кристина Ковачевиќ
Асистент докторанд м-р Наташа Колевска Асистент докторанд м-р Душко Јошески

**Програмски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Проф. д-р Нако Ташков
Проф. д-р Златко Јаковлев
Проф. д-р Цане Котески
Проф. д-р Мичо Апостолов
Доц. д-р Дејан Методијески
Доц. д-р Марија Магдинчева Шопова Доц. д-р Тања Ангелкова Петкова **Печати:**

Печатница „2ри Август" - Штип

**Тираж:**

100 примероци

**Дизајн на корица:**

Доц. д-р Дејан Методијески
Проф. д-р Никола В. Димитров
**Фотографии за корица:**

М-р Васко Златковски

**Техничко уредување:**

Доц. д-р Дејан Методијески

**Лектор:**

Вангелија Цавкова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
616.314-08(075.8)
616.314-74(075.8)
НАУЧНО-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија" (2016; Штип)
Зборник на трудови од научно-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија", Штип 28.05.2016 [Електронски извор] [уредници Никола Димитров, Дејан Методијевски]. - Текст во PDF формат, содржи 215 стр., илустр.. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за туризам и бизнис логистика, 2016
Начин на пристап (URL): http://js.ugd.edu.mk/. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден
18.07.2016 ISBN 978-608-244-313-3 1. Гл. ств.
насл.
а) Туризам - Економски прилики - Македонија - Собири
COBISS.MK-ID 101453578

## СОДРЖИНА


УЧЕСНИЦИ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА ................................................ 6

ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ .................................................. 15

ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ........................................... 17

СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров ........................................................ 18**

ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ КОНФЕРЕНЦИИ И НИВНИОТ ПРИДОНЕС ВО НАУКАТА

**Дејан Методијески, Душица Санева .................................. 26**

ОСНОВНИ ПОСТАВКИ НА МЕНАЏМЕНТОТ НА СИНЏИР НА СНАБДУВАЊЕ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА

**Мичо Апостолов, Лилјана Здравковска, Наташа Апостолова.................................................................. 36**

ЛОГИСТИЧКИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ

**Христина Филипоска, Оливер Филипоски .......................... 48**

ПРИМЕНА НА TQM (TOTAL QUALITY MANAGEMENT) СИСТЕМ ВО КОМПАНИИ

**Александра Ташевска ...................................................... 57**

ТРАНСПОРТНИ СИСТЕМИ

**Моника Станковска ......................................................... 64**

СОСТОЈБИ И МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИОТ БИЗНИС ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова, Магдалена Мицева .............. 74**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА И РАЗВОЈ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ТУРИЗАМ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, БОГДАНЦИ И ДОЈРАН

**Марија Магдинчева Шопова,Симона Савиќ,Убавка Вегова..86**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова,Љупка Атанасова,Вера Митровска ....................................................................................... 95**

ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО ....................................................105

УСЛОВИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ГРАДОВИТЕ ШТИП И КОЧАНИ И НИВНАТА ОКОЛИНА

**Златко Јаковлев, Цане Котески, Дарко Шпиртов ........... 106**

МОЖНОСТИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА СЕЗОНА

ВО ПООДДЕЛНИ ПЛАНСКИ РЕГИОНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Андреа Златковска, Јулијана Саздова ............................ 112**

ТУРИСТИЧКИ ЗНАМЕНИТОСТИ ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА

**Цане Котески, Златко Јаковлев, Драгана Солтировска .. 125**

ПРОЦЕСНИ ИНОВАЦИИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО

**Николчо Петров, Тања Ангелкова Петкова ..................... 138**

НАТУРИЗМОТ КАКО ДЕЛ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРИЗАМ

**Златко Јаковлев,Благица Арнаудова,Цане Котески.......144**

МЕНАЏМЕНТ НА УСЛУЖНА ДЕЈНОСТ

**Златко Јаковлев,Цане Котески,Душица Матета Гигова..151**

ПРЕЗЕНТАЦИЈА И АНАЛИЗА НА ДЕЛ ОД ПУБЛИКУВАНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧИ ВО ПЕРИОДОТ 1954–1979 ГОДИНА И

НИВНАТА УЛОГА ВО ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров, Методи Чилиманов ........................ 160**

КРАТОК ОПИС НА ОСОГОВСКИОТ РЕГИОН

**Нако Ташков, Илија Милосовски .................................... 181**

ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА МАНАСТИРСКИТЕ КОМПЛЕКСИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

**Љупчо Јаневски, Науме Мариноски ................................ 185**

ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

**Нако Ташков, Ивана Ананијева, Симона Атанасова .......203**

# ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ

Зборникот „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија‟ содржи трудови кои се презентирани на истоимената научно-стручна конференција, одржана на 28-ми мај 2016 година во Штип, во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев‟ во Штип.

Мотивите за одржувањето на конференцијата се повеќе. Конференцијата им даде можност на младите автори и студенти на втор и трет циклус на студии да ги презентираат и доближат до пошироката научна и стручна јавност своите теоретски и практични истражувања од областа на туризмот, економијата и логистиката. Во најголем дел, нивните трудови се изработени под менторство на професорите кои се истакнати научни работници и потврдени практичари. Од друга страна, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев‟ во Штип, изискува објавување на еден труд кој е резултат на истражувањето што е предмет на магистерскиот труд. Важен мотив за одржувањето на конференцијата е социјалниот дел, во кој учесниците имаа можност да се запознаат, разменат мислења, дискутираат и остварат вмрежување. Преку конференцијата, промовиран е градот Штип како туристичка дестинација, а од друга страна, позитивно влијае на имиџот на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

На конференцијата беа покренати бројни прашања, изнесени одделни размислувања и дилеми што со својата актуелност го зафатија научно-стручното поле на расправата, што резултираше со овој зборник. За понатамошна соработка и доближување до читателите, на почетокот на зборникот се претставени авторите со фотографија и кратка биографија, а покрај насловите на трудовите наведени се и нивните електронски адреси.

Од содржинска гледна точка, зборникот дава свој придонес во зголемување и збогатување на постоечката литература од областа на туризмот, економијата и логистиката. Тој е важен за заедницата на образовниот, јавниот и невладиниот сектор, како и стопанските организации кои се занимаваат со оваа проблематика. Тематски е поделен на два дела: Теми од економија и бизнис логистика, каде има девет труда и Теми од туризам и угостителство, каде се претставени

десет труда. Зборникот содржи над 200 страници текст од триесет и тројца автори, во кои за подобра презентација се користат графикони, табели и фотографии.

Како уредници на зборникот, ја користиме оваа прилика да искажеме благодарност до сите учесници на конференцијата, како и до колегите кои дадоа свој придонес во организацискиот и програмскиот дел на конференцијата.

Низ презентираните текстови и материјали, во зборникот се открива големото значење и современите тенденции на туризмот, економијата и логистиката во нашата земја. Исто така, реакциите од страна на учесниците беа позитивни во однос на успешната организација на конференцијата. Поради овие причини, се надеваме дека во иднина оваа конференција ќе добие меѓународен карактер и ќе доживее голема традиција.

**Никола В. Димитров**

**Дејан Методијески**

# ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО

УДК 338.483.12 (497.7-18)

# ТУРИСТИЧКИ ЗНАМЕНИТОСТИ ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА

**Цане Котески, Златко Јаковлев, Драгана Солтировска**

cane.koteski@ugd.edu.mk
zlatko.jakovlev@ugd.edu.mk dragana.ej@gmail.com

**Клучни зборови:**

регион, туризам, знаменитости.

**Апстракт**

Североисточниот регион не е многу развиен, за Североисточен разлика од другите, но тоа не значи дека нема вредни места за посетување. Напротив, природата не била себична во овој дел и навистина ако малку истржувате и ако сакате да се зголеми Вашето знаење ќе треба да дојдете тука. Да почнеме првин со легендата за Батко Ѓорѓија во Куманово, локалитет Зебарњак, Манастир Свети Јоаким Осоговски кој претставува синоним за Крива Паланка, локалитет Камени кукли – Куклица во Кратово итн. Со подобрување на патиштата, со заштита на знаменитостите, со обучен кадар и со голем маркетинг и промоција, туризмот може да постигне поголем развој во овој дел и луѓето да се запознаат со богатствата кои ги нуди овој регион.

## Вовед

Регионите на Р. Македонија се усвоени во Владата на Р. Македонија во 2007 година, а во Собранието на 29 септември 2009 година. Официјално, Р. Македонија е поделена на осум плански региони, кои служат за статистички, економски и административни цели. Покрај регионите, првостепена административна поделба на Р. Македонија се општините.

Североисточниот регион е еден од осумте статистички региони на Р. Македонија. Тој се наоѓа во североисточниот дел на државата и се граничи со Скопскиот регион и со Источниот регион. Овој регион го зафаќа сливното подрачје на реката Пчиња и Крива Река. Вкупната површина на регионот изнесува 2.310 квадратни километри, што преставува 9,3 проценти од вкупната површина на Р. Македонија.

Североисточниот регион го сочинуваат општините: општина Кратово, општина Крива Паланка, општина Куманово, општина Липково, општина Ранковце и општина Старо Нагоричане.




**Слика 1.** Карта на општините во Северноисточен регион на Р. Македонија

**Куманово.** Како најголема општина во овој регион, вреди првин да пишувам за него. **Занаетчискиот дом** во Куманово е сигурно еден од најубавите и најрепрезентативните објекти на градот, кумановската „‟Нотр Дам‟, препознатлив белег на градот и сигурно најинспиративно архитектонско здание на рускиот инженер Владимир Антонов. Ова е првиот објект во Куманово со сопствен водовод од бунар. Преку систем на цевки, со пумпа, водата се качувала на кровот во резервоар, за да се поврзат санитариите во објектот. Во периодот меѓу двете светски војни Куманово бил претежно занаетчиски град. Занаетчиите биле огранизирани во своја сталешка организација, преку која ги реализирале своите интереси и цели. Во декември 1923 година, на седница на Занаетчиски еснаф била донесена одлука за покренување иницијатива за формирање фонд за изградба на дом, кој ќе служи за културно издигање на занаетчиската младина. Објектот бил започнат во период кога државата и светот ги тресеа големите светски економски кризи. Свечено пуштање во употреба, односно осветувањето на Домот се случило на 21 ноември 1930 година. Домот располагал со дуќани кои се наоѓаат на кат, мала сала

со летна тераса и кујна, административни простории и простории за домување.



**Слика 2.** Занаетчискиот дом во Куманово во 1930 г. (лево) и денеска (десно)

Следно што би му покажала на некој турист што го посетува Куманово, а кога сме веќе на градскиот плоштад, тоа би бил **споменикот на Батко Ѓорѓија**. За тие што прв пат доаѓаат во градот, интересно е дали ликот на Батко Ѓорѓија произлегол од народот, од раскажување на приказната за него од колено на колено или, пак, е личност што ја создал некој во одредено место и време. Припадниците на музичкото и на етно творештвото тврдат дека во периодот пред Втората светска војна на овие простори била позната песната чијшто јунак бил Батко Ѓорѓија. Во музичката литература може да се сретне песната „Умреја Батко Ѓорѓија", но и нејзини обработки од познатите македонски композитори Власто Николовски и Трајко Прокопиев.



**Слика 3.** Споменик на Батко Ѓорѓија на плоштадот во Куманово

Врз основа на сознанијата на новинарот Дртковски, Батко Ѓорѓија потекнувал од с. Младо Нагоричане, и живеел некаде до седумдесетите години на XIX век. Бил необичен човек кој ги сакал добрите нешта во животот, бил ценет во селото и во Куманово, немал свој пород и со жена си Донка го посиниле детето Арсо. Бил шегаџија, пречекуван во секоја куќа, а како што се наведува во книгата на Дртковски, респектибилен однос кон него имале и Турците и христијаните. Доблести, особености и би рекле карактеристики кои можете да ги сретнете кај многу луѓе од тоа, а и од овие сегашни наши времиња.

Трајко Прокопиев се сеќава дека во неговото семејство бил и чичко му Ѓорѓи, средниот брат на татко му, на кого трговијата му била животна егзистенција и бил и боем. Својата надареност кон музика, поезија, песна ја истакнувал насекаде. Свирел таканаречена фисхармоника. Кога тој ќе седнел да свири, а истовремено и пеел.

Кумановски „**Четири бандере**" во еден мал сегмент на плоштадот на пиедестал, од нерѓосувачки челик, во убава фонтана, опкружени со вода, со светло во разни бои, претставуваат симбол на едно изминато време, коешто на кумановци многу им значи. Затоа што кумановските „Четири бандере" се наоѓале во средиштето на старата кумановска чаршија, на аголот пред Дишковиот колонијален дуќан, на самиот влез во познатото „Опаничарско сокаче" каде од

двете страни биле подредени опинчари и јажари, прошарани со по некој тенекџиски дуќан. Додека зад нив, од лево и десно биле ситни дуќанчиња на трошната чаршија, пред нив се наоѓала уште попознатата Тумба на која се случувале најесенцијалните нешта во градот. Таму, во пазарните денови врвело од народ, селаните се слевале во средиштето на градот најмногу преку Нагорички сокак, на Тумба се пазарело сѐ и сешто.

Четирите бандери се поставени на споменатото место во средина на дваесеттите години од минатото столетие, кога градот официјално ја добива својата електрична струја и се осветлуваат главните улици и плоштади, како и приватни домови кои можеле тоа да си го дозволат. Инаку, до тогаш градските улици се осветлувале се петролеј, односно фенери кои биле поставени на дрвени столбови. Иницијатива за електрификација на Куманово била покрената на седниците на Општинскиот одбор на тогашниот Суд на општина Куманово на 15 февруари 1926 година. Работите за осветлување на Куманово со електрична енергија практично започнале на 7 јули 1926 година. Морале да се постават дрвени столбови (бандери) долж главните кумановски сокаци и на Тумба на кои се поставувале жиците за пренос на струјата, како и електрични светилки за осветлување. Во таа функција биле поставени и четирите бандери пред Опинчарскиот сокак, кои во горниот дел на мала платформа имало и трансформатор. Затоа биле четири, а не една или две. Овие бандери останале тука до средина на педесетите години кога на нивно место се поставува една бандера со неонско осветление. Подоцна, во шеесетите години, се руши и последното сочувано парче од старата чаршија, исчезнува Опинчарскиот сокак и Зелен пазар, а на тоа место се гради Стоковна куќа НАМА[81].

[81] www.kumanovonews.com




**Слика 4.** Четирите бандери во 1937 г. и споменикот денеска

Мора да ги споменам и историските знаменитости на Куманово. Тоа се Зебрњак, Музеј на Христијан Тодоровски - Карпош и Спомен-костурница. На брдото Зебрњак, каде се одигра еден од најжестоките судири во Првата балканска војна, подигната е споменкостурница во која се сместени коските на загинатите српски војници. Костурницата според проектот на архитектот Момир П. Горуновиќ, е откриена во 1937 година. Денес постои само долниот дел од широка тркалезна костурница, додека горниот пирамидален дел е урнат во 1942 година од бугарските фашисти. Спомен-куќа на командантот на кумановскиот баталјон „Јордан Николов-Орце", Христијан Тодоровски-Карпош, убиен од страна на бугарскиот окупатор на 7 февруари 1944 година за време на нападот на бугарското воено и полициско упориште во с. Билјача-Прешевско. Спомен-костурница изградена во 1957 година по повод 11 Октомври, денот на востанието на македонскиот народ. Дело е на архитектот Зордумис и вајарот Сретен Стојановиќ. Се состои од обелиск и костурници во кои се сместени посмртните останки на загинатите во Народноослободителната војна од Куманово и Кумановско.



**Слика 5.** Зебрњак

**Крива Паланка**. Град во североисточниот дел на Република Македонија, сместен под падините на Осоговските Планини на двата брега на Крива Река. Во непосредна близина на градот се наоѓа граничниот премин Деве Баир кон Република Бугарија. Крива Паланка од Куманово е оддалечена 60 км, а од Скопје 100 км во источен правец. Името на градот Крива Паланка доаѓа од кривото корито на реката Крива. Поранешното име на градот било Егри Дере, што на турски јазик значи „крива река". Подоцна, зборот „Паланка" го заменил турскиот збор „дере".

**Градец, Испосница на Свети Јоаким Осоговски.** Селото Градец е во близина на Крива Паланка, поточно се наоѓа на 7 километри оддалеченост од градот. Според легендата, на ова место се подвигувал нашиот светец Јоаким Осоговски, пред да се премести во месноста Бабин Дол, каде што денеска се наоѓа неговиот манастир. Во близина на испосницата се наоѓа археолошкиот локалитет Градиште, со остатоци од доцната антика и средниот век.

**Трново**. Селото Трново се наоѓа на 15 км североисточно од Крива Паланка. Во селото се наоѓа старата црква Св. Никола од XVI век, во чија близина се наоѓа парохискиот дом, којшто нуди услови за сместување гости. Во рамките на целиот комплекс се наоѓаат уште два објекти, старото училиште и задружниот дом коишто, со мали адаптации, можат да бидат ставени во функција на туризмот. Исто така, и тука гостите можат да дегустираат традиционални јадења, приготвени на традиционален начин.

**Станци, Дренак и Дурачка Река**. Се наоѓаат на 6 км југоисточно од Крива Паланка. Двете села претставуваат пријатни места со прекрасни етно-амбиенти, со куќи изградени во стилот на

традиционалната архитектура. Во селата сè уште се функционални валавиците и водениците, постарите жители сè уште носат традиционална народна носија и живеат на традиционален начин. Туристите можат да дегустираат храна (баница под вршник, качамак, кисело млеко) приготвена на традиционален начин, а можат да престојуваат во куќите на гостопримливите селани.

Доколу се најдете во Крива Паланка во јануари можете да присуствувате на манифестацијата „ПИВТИЈАДА" која се одржува веќе 6 години по повод Водици. При крај на месец август се одржува интернационален фолкорен фестивал „Свети Јоаким Осоговски", а во септември има ликовна колонија и Меѓународен театарски фестивал.

**Свети Јоаким Осоговски** или **Осоговски манастир** - манастир на околу 3 км североисточно од Крива Паланка, во прегратките на дабовата шума на Осоговските Планини, посветен е на пустиножителот и чудотворец св. Јоаким Осоговски. Основан е уште во XII век, познат и по името Сарандапор. Токму во овие предели кон крајот на XI и почетокот на XII век живеел испосникот св. Јоаким Осоговски. Тогаш во овие краишта се подвизувале и прочуените св. Јован Рилски, св. Прохор Пчински и св. Гаврил Лесновски. Во непосредна близина на Крива Паланка (2 км од центарот) се наоѓа познатиот македонски манастир Свети Јоаким Осоговски, кој е стар 1003 години и е позната и многу посетена туристичка атркација. На 28 август секоја година во манастирот се одржува традиционалната прослава на верскиот празник Света Богородица на која доаѓаат и повеќе од 20 000 луѓе од градот, околината и други градови од државата.

Освен житието на св. Јоаким Осоговски, науката не познава други пишани документи и извори за основањето на манастирот. Житието на св. Јоаким е зачувано во преписи од XV век наваму. Преписите се менувани и дополнувани со настани, случки и епизоди од животот на светителот. Најстариот препис на житието се чува во Синодалната библиотека во Софија и датира од XV век. Житието повеќепати е објавувано и тоа според ракописот од XVI - XVII век, од В. И. Ламански во Санкт Петербург во 1864 г. од С. Новаковиќ во Белград во 1867 год., од академик Јордан Иванов во Софија во 1931 г., од Теодосија Леков во 1789 г. во Хиландар и од Д. Маринов во Софија во 1900 година. Последната верзија ја отпечатил архимандритот Кесариј (игумен во манастирот) во 1912 г. во Софија.

Иконостасот во Големата манастирска црква потекнува од

1932 година. Тогаш од манастирската управа и од игуменот Методија Миловановиќ повторно бил ангажиран Димитар Андонов-Папрадишки, кој го изработил идејното и конструктивно решение за иконостасот. Претходниот иконостас бил оштетен од заботот на времето и од паѓањето на големата карпа врз јужниот ѕид на црквата. Таа година е изведена естетски лесна конструкција на иконостасот. Работите под надзор на Папрадишки ги извел Стојан Трајковски, мајстор од село Кркља, Кривопаланечко. Иконостасот е трикатен и се протега по целата широчина на внатрешноста (наосот) од северниот до јужниот ѕид. Обработен е едноставно, со исклучок на царските двери, кои се работени во резба со скромен квалитет и се бојосани со златна боја. Тој е обликуван едноставно, со дрвени елементи благо профилирани по рабовите. Во изведба на резба се и големиот крст и завршниот венец на иконостасот. Поголемиот дел од иконостасните икони се изработени од Димитар Андонов-Папрадишки, а еден дел од непознати автори. Осум икони за иконостасот изработил Никола Михаилов, зограф од Крушево, кои се одликуваат со мошне впечатлива робустност и експресивност во изразот на лицата, што е остварено преку нагласените контрастни колористички односи на темно и посветло зелена студена гама. Покарактеристични икони изработени од Никола Михаилов, според годината на датирањето 1869, се оние на Преображение Христово и на свети Јован Претеча. Михаилов изработил и 18 икони за иконостасот во малата црква Рождество на Света Богородица. Во 1980 година е извршена конзервација на царските двери. Овој процес го извеле конзерваторите Богдан Таневски и Соколе Шутиновски.



**Слика 6.** Манастир Свети Јоаким Осоговски

## Кратово

Во туристичката понуда на градот Кратово влегуваат голем број локалитети и места кои вредат да се посетат. Исто така, постојат и голем број приказни, легенди и преданија кои би требало да се слушнат. Сето ова влегува во доменот на туристичките вредности со кои поседува овој регион. Меѓу најпознатите туристички места во кратовско се: Камени кукли – Куклица, локалитетот Цоцев Камен, Големо градиште во околината на с. Коњух, средновековните кули и мостови, староградската архитектура, подземните ходници, боровите стари 600 години и уште многу други.

## Локалитет Камени кукли - Куклица

На само десетина километри од градскиот центар, во село Куклица се јавува една природна реткост која ги воодушевува сите туристи. Локалитетот „Камени кукли‟ настанал пред околу 10 000 години по пат на природна вертикална ерозија на меките вулкански карпи. Ова е редок случај дури и во светски рамки, поради што овој локалитет привлекува голем број туристи. Имено, поради тоа што карпите наликуваат на кукли и самиот локалитет е наречен Камени кукли. Поради специфичниот изглед на самите карпи локалното население пренесува една легенда која побудува интересирање кај туристите.

Во легендата се вели дека еднаш, многу одамна, некое момче требало да се ожени со една девојка, но наместо со неа тоа се оженило со друга. Кога несреќната девојка ги видела сватовите, кумот, невестата, младоженецот и останатите свадбари, фрлила клетва сите да се скаменат. Во тој момент сите се скамениле и до ден денес стојат скаменети. Од најголемо значење се куклите што се наоѓаат во средината и ги претставуваат младоженецот и невестата во прегратка со кумот и старосватот од страните[82].

Неодамна во близина на овој локалитет е отворен ресторан во етно стил „Куклица – етно‟ кој го надополнува туристичкиот асортиман на овој локалитет и придонесува за уште поголема посетеност на истиот.

[82] Митевски И., Стојановски Г. и Митевска А. (2005): „Туристички водич Кратово‟.



**Слика 7.** Локалитет Куклица

**Локалитет „Цоцев Камен"**

Цоцев камен се наоѓа во атарот на селото Шопско Рударе. Тоа претставува праисториска мегалитска опсерваторија од времето на неолитот. Всушност, Цоцев Камен претставува една карпа која видно се издвојува од останатиот околен рејлеф. Намената на оваа карпа била за спроведување на разни ритуали кои биле изведувани од страна на населението кое живеело таму во тоа време. Карпата содржи природно создадени пештери, но исто така на неа се забележува и обработка од страна на човекот. Оваа карпа служела за создавање на сончев календар, така што биле следени точките во кои изгреваат Сонцето и Месечината (за тоа служел престолот на врвот од карпата кој бил свртен на исток). Во последно време овој локалитет е ставен на туристичката мапа и е често посетуван.

**Саат Кула**

Оваа кула е можеби во најдобра состојба и отсекогаш била достапна за туристи, но со реновирањето секојдневно е посетувана од домашни и странски туристи. Изградена е во 1372 година, а името го добила по тоа што во 1921 година градската управа одлучила на врвот од оваа кула да стават часовник. Оваа кула е на 4 ката. Во најдолниот кат се чувала рудата, на вториот, кој за разлика од првиот е осветлен со едно прозорче, имало огниште и полици за чување на предмети од покуќнината. Третиот кат е осветлен со 3 прозорци. Четвртиот бил наменет за престој и живеење на великодостојниците кои ги поседувале кулите. Ѕидовите се убаво украсени, од сите страни има прозорци и се излегува на една тераса од која се овозможува поглед на центарот на градот. Денес, поради туристички цели, на

последниот кат постои шанк на кој може да се послужат туристите со кафе и чај.

## Радин мост

Ова е најдалеку познатата градба која се наоѓа во градот Кратово. Овој мост се наоѓа на една од трите реки кои течат низ Кратово, а тоа е Манцева Река. За разлика од останатите мостови во Кратово, овој е граден на многу необичен начин. Патната платформа стои на три камени кули кои имаат функција на столбови. Столбовите се подигнати на клисуресто – стрмна карпеста височ и изградени се на ист начин како и кулите низ градот. Највисокиот столб е со 21 метар висина. Не се знае точно кој го изградил овој мост, но според одредени истражувања резултатите насочуваат кон познатиот скопски Евзи паша во периодот околу 1883 година. Но, за разлика од научните испитувања и резултати, меѓу локалното население и пошироко кружи една легенда. Легендата за настанокот на овој мост е далеку прочуена, дури пренесена во драмски формат и препеана во повеќе народни македонски песни. Имено, мостот го ѕидале девет браќа. Дење го ѕидале, мостот ноќе паѓал. За да го спречат тоа деветте браќа се договориле да принесат жртва, односно која невеста ќе им донеселела утредента ручек, да ја заѕидаат во столбовите на мостот. Сите браќа кажеле, освен најмалиот брат. Па, така, неговата невеста, Рада, донела ручек и неа ја грабнале да ја заѕидаат. Таа се согласила со барањето на своите девери, но од нив барала да ѝ ја остават десната града незаѕидана со цел да го храни неодамна роденото машко дете.

## Заклучок

Големото богатство на локалитети, градби, природни и културни богатства и реткости се дар кој би требало да се искористи до максимални граници, но сепак, до тоа сега-за сега се оди премногу бавно и можеби незаинтересирано од страна на одговорните. Со инвестирање повеќе во образовани кадри, заштита, обнова и маркетинг на сите туристички вредности во овој регион би се достигнал поголем развој на туризмот со бенефит и за туристите кои би ги задоволувале своите туристички потреби и за локалното население, а воедно и за заедница. Со овие средства би се постигнало она што навистина го заслужува овој дел од Р. Македонија. Светот заслужува да ја слушне историјата и да ја види живописноста која не

е дури ни доволно истражена. До сега сите туриститчки вредности се искористувани до степен до кој е развиен туризмот, а со текот на времето би можеле да се појават и нови - алтернативни форми на туризам со кои би се привлекле и повеќе туристи.

**Користена литература:**


Димитров, Н., Ташков, Н., Методијески, Д. (2014), Евиденција на сите туристички потенцијали во регионите на Република Македонија;

Здружение за заштита на животна средина, културноисториските знаменитости и човековото здравје „Извор" (2009), „Природните реткости и културно наследство во Кратово, туристички водич";

Илиевски С. (1989), „Мотиви од старо Куманово";

Котески, Ц. (2011), Истражување на туристички пазар, авторизирани предавања за интерна употреба, Штип-Гевгелија;

Митевски, И., Стојановски, Г. и Митевска, А. (2005), „Туристички водич Кратово";

Трајковски, П. (2005), „Куманово, Кратово и Крива Паланка во странските патописи и документи";

www.arhiva.srbi.org.mk www.kumanovonews.com
www.krivapalanka.gov.mk